# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

## Општина Гази Баба

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ГАЗИ БАБА
СКОПЈЕ

29 јуни 2023 | Излегува по потреба | Година XVIII | број 11



e-mail: glasnik@gazibaba.gov.mk http://www.gazibaba.gov.mk

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ЗАКЛУЧОКОТ
ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ
НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА**

1. Се објавува Заклучокот за усвојување на извештајот на Верификационата комисија, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/1**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), расправајќи по извештајот на Верификационата комисија, бр.09-4760/2 од 13.06.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

## З А К Л У Ч О К

## ЗА УСВОЈУВАЊЕ НА ИЗВЕШТАЈОТ НА ВЕРИФИКАЦИОНАТА КОМИСИЈА

1. Советот на Општина Гази Баба го усвојува извештајот на Верификационата комисија, бр.09-4760/2 од 13.06.2023 година.

2. Овој заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/4**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА<br>ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН<br>НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/2**<br>**од 29 јуни 2023 година**<br>**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**<br>**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 13 и член 14 од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13, 12/13, 4/22 и 9/23), член 6 и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ВЕРИФИКАЦИЈА НА МАНДАТ НА ЧЛЕН НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Се верифицира мандатот на членот на Советот на Општина Гази Баба:

**- ВЛАТКО РИСТОВСКИ.**

**Член 2**

Одлуката да се достави до Општинска изборна комисија Гази Баба и секторот за финансиски прашања.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/5**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ
НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ
ОДБОР НА ЈУДГ "25 МАЈ" - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/3**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 114 став (16) од Законот за заштита на децата (''Службен весник на РМ'' бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20, 294/2, 150/22 и 236/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИМЕНУВАЊЕ НА ПРЕТСТАВНИК ОД СТРУЧНИОТ СОВЕТ ВО УПРАВНИОТ ОДБОР НА ЈУДГ ''25 МАЈ'' - ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Во Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.17/21), во член 1 зборовите ''КЕТИ АЛЕКСОВСКА'', се заменуваат со зборовите **''ЕМИЛИЈА НИКОЛОВА''**.

**Член 2**

Одлуката да се достави до ЈУДГ ''25 Мај'' - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила од денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/6**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ДОМИНГ" ЈТД РАДОВИШ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Доминг" ЈТД Радовиш, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/4**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА**
**ОД "ДОМИНГ'' ЈТД РАДОВИШ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "Доминг'' ЈТД Радовиш, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од техничка документација - Урбанистички проект за инфраструктура за фекална канализација во с.Идризово - Општина Гази Баба - Скопје.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука а по приемот на предметот на донацијата, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/7**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД**
**ДГУ ''АДРОИТ'' ДООЕЛ КУМАНОВО**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од ДГУ ''Адроит'' ДООЕЛ Куманово, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5358/5**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности ("Службен весник на РМ" бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13) а во врска со претходно склучен Меморандум за соработка помеѓу Општина Гази Баба и ДГУ "Адроит" ДООЕЛ Куманово, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД ДГУ "АДРОИТ" ДООЕЛ КУМАНОВО**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од ДГУ "Адроит" ДООЕЛ Куманово, во својство на дավател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од ревидиран Основен проект за објект на детска градинка на ГП 54 од ДУП за Градска четврт СИ 04, Блок 3, КП 1117/2 КО Маџари.

Ревидираниот Основен проект од ставот 1 од овој член е со следните фази:

- Архитектура;
- Градежни конструкции;
- Електротехнички инсталации;
- Термотехнички инсталации;
- Хидротехнички инсталации;
- Потврда за исполнетост на минимално технички услови за ЕЕ;
- Елаборат за ППЗ и
- Сообраќај.

Вкупната вредност на донацијата е 2.885.913,00 денари со ДДВ.

**Член 3**

За реализација на оваа одлука се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 4**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/8**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА**
**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА**
**СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНА СТВАР**
**НА ЈКП "ГАЗИ БАБА" - 2007 - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за пренесување на право на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/6**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10 а во врска со член 64 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), постапувајќи по барањето на ЈКП "Гази Баба - 2007'' - Скопје, бр.09-4765/1 од 12.06.2023 година, Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРЕНЕСУВАЊЕ НА ПРАВО НА СОПСТВЕНОСТ НА ДВИЖНА СТВАР НА ЈКП ''ГАЗИ БАБА'' - 2007 - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука на ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје му се пренесува правото на сопственост без надомест на движна ствар - патничко моторно возило во сопственост на Општина Гази Баба.

**Член 2**

Описни карактеристики на движната ствар - патничко моторно возило се:

| | |
|---|---|
| Марка: | LADA VAZ |
| Комерцијална ознака: | 2121 NIVA INJECTION |
| Година на прозводство: | 2006 |
| Регистерски ознаки: | SK-587-PL |
| Број на шасија: | XTA21214051795055 |

**Член 3**

Се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за пренесување на правото на сопственоста на движната ствар - патничко моторно возило, со карактеристики опишани во членот 2 од оваа одлука, со в.д директорот на ЈКП "Гази Баба - 2007'' - Скопје, согласно Законот за облигационите односи, со кои ќе се уредат правата и обврските за движната ствар - патничко моторно возило.

**Член 4**

Се задолжува ЈКП ''Гази Баба - 2007'' - Скопје, по склучување на договорот од членот 3 од оваа одлука и уреден прием на движната ствар - патничко моторно возило, истото по претходна проценка да го воведе во финансиско - материјалната сметководствена евиденција на јавното комунално претпријатие.

**Член 5**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/9**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2026 ГОДИНА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5358/7**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 2, член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 60 став (5) од Законот за животната средина (''Службен весник на РМ'' бр.53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18 и ''Службен весник на РСМ'' бр.171/22), Одлуката за донесување на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/21) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ФОРМИРАЊЕ НА КООРДИНАТИВНО ТЕЛО ЗА СЛЕДЕЊЕ НА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА ЛОКАЛЕН АКЦИОНЕН ПЛАН ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА (ЛЕАП) НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА, ЗА ПЕРИОД 2020 - 2026 ГОДИНА**

**Член 1**

Во Одлуката за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.8/23), во член 2 став (1) алинеја 7 точката се заменува со точка и запирка и се додава нова алинеја 8 која гласи:

'' - 4 (четири) члена од Совет на Општина Гази Баба.''

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/10**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СОБИРЕН ЦЕНТАР ЗА ЦВРСТ ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ ГАЗИ БАБА И ЦЕНТАР И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА БИОЛОШКИ ОТПАД (КОМПОСТИРАЊЕ)**

1. Се објавува Одлуката за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање), што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/8**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 1 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), а во врска со првиот повик за финансирање на техничка документација за инфраструктурни проекти - Фонд за техничка документација, во рамки на Проект: "Јакнење на општинските капацитети за имплементација на проекти - Фаза 2'', Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПОДНЕСУВАЊЕ НА БАРАЊЕ ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ИЗРАБОТКА НА ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА СОБИРЕН ЦЕНТАР ЗА ЦВРСТ ОТПАД ЗА ОПШТИНИТЕ ЦЕНТАР И ГАЗИ БАБА И ФИЗИБИЛИТИ СТУДИЈА СО ТЕХНИЧКА ДОКУМЕНТАЦИЈА ЗА УПРАВУВАЊЕ И ТРЕТМАН НА БИОЛОШКИ ОТПАД (КОМПОСТИРАЊЕ)**

**Член 1**

Со оваа одлука се дава согласност за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање).

**Член 2**

Во изработката на физибилити студиите со техничката документација од членот 1 од оваа одлука, Општина Гази Баба ќе обезбеди финансиско учество (кофинасирање) во висина од 300.000,00 денари.

**Член 3**

Се задолжува секторот за заштита на животната средина и природата да ја спроведе оваа одлука.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/11**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/9**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 63 и член 65 од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 и 244/19) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

## П Р А В И Л Н И К

## ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА УСЛОВИТЕ, НАЧИНОТ И ПОСТАПКАТА ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА

### Член 1

Во Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.16/18, 15/19 и 1/22), во членот 2 ставовите 2 и 3 се бришат.

### Член 2

Во член 3 по ставот 16 се додава нов став 17 кој гласи:

"(17) Реализирање на активности од областа на културно - образовната дејност".

### Член 3

Во член 8 по ставот 6 се додава нов став 7 кој гласи:

"(7) Училишни спортски клубови на Општина Гази Баба."

### Член 4

Во член 17 ставот 2 се менува и гласи:

"(2) Ненавремено доставените барања, Комисијата нема да ги разгледува и за тоа ги известува барателите."

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"(3) За некомплетно доставени барања, Комисијата го задржува правото да побара дополнување на недоставената документација од страна на подносителот на барањето."

### Член 5

Во член 18 ставот 2 се менува и гласи:

"(2) Доколку два или повеќе баратели бараат користење на ист термин, терминот да се понуди по следниот редослед:

- во изборот на термини имаат предност клубови, здруженија или индивидуални спортисти регистрирани/место на живеење во Општина Гази Баба од повисок ранг;
- предност во изборот на термини да има клуб, здружение или спортист од повисок ранг, а меѓу оние од исти ранг оној клуб, здружение или спортист кои повеќе години се регистрирани на територијата на Општина Гази Баба со исто непроменето име и адреса во тековната состојба или живеалиште и без прекин во натпреварувањето во соодветна лига;

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"(3) На клуб, здружение или спортист со адреса надвор од Општина Гази Баба ќе може да му биде доделен термин од преостанатите слободни термини по завршување на изборот на термини од страна на клубовите, федерациите и спортисти регистрирани/место на живеење во Општина Гази Баба."

**Член 6**

Во член 19 став 2 по зборот "корисници" точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите "а листата ќе биде објавена на веб страната на Општина Гази Баба."

**Член 7**

Член 21 се менува и гласи:

"По завршување на објавениот јавен повик, слободните термини за користење на објектите за спорт, за кои не се јавил ниту еден заинтересиран баратeл, во тек на годината можат да се даваат на користење. Доколку барањето е за период повеќе од една недела се изготвува договор за користење, доколку барањето за користење е помалку од една недела или еднократно се изготвува Решение за доделување на термин за користење со заинтересираното правно и физичко лице. Термините се издаваат под услови објавени во јавниот повик, за реализација на тренинг и натпревари, како и за рекреативни активности и други настани, за пократок период од една година, во согласност со членот 12 од овој правилник и Тарифникот за висината на надомест за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба."

**Член 8**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/12**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА
ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА
КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ
ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/10
од 29 јуни 2023 година
Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК
НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,
Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 63 и член 65 од Законот за спортот (''Службен весник на РМ'' бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и ''Службен весник на РСМ'' бр.98/19 и 244/19) член 5 став (1) од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (Службен гласник на Општина Гази Баба бр.12/18, 15/19 и 1/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА КАТЕГОРИЗАЦИЈА НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.11/20 и 1/22) во член 3-а точка 3, потточка (3.3) се менува и гласи:

''(3.3) Спортска сала со помали димензии.''

**Член 2**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/13**<br>**од 27 јуни 2023 година**<br>**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**<br>**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**<br>**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА**
**НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ**
**ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

1. Се објавува Тарифникот за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба, што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во ''Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 08-5358/11**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 36 став (1) точка 10, член 62 став (1) и член 67 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), член 3 став (2) од Законот за користење и располагање со стварите во државна сопственост и со стварите во општинска сопственост ("Службен весник на РМ" бр.78/15, 106/15, 153/15, 190/16, 21/18 и "Службен весник на РСМ" бр.101/19, 275/19 и 122/21), член 63 и член 65 од Законот за спортот ("Службен весник на РМ" бр.29/02, 66/04, 81/08, 18/11, 51/11, 64/12, 148/13, 187/13, 42/14, 138/14, 177/14, 72/15, 153/15, 6/16, 55/16, 61/16, 106/16, 190/16 и "Службен весник на РСМ" бр.98/19 и 244/19), член 6 од Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.12/18, 15/19 и 1/22) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**Т А Р И Ф Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ТАРИФНИКОТ ЗА ВИСИНАТА НА НАДОМЕСТОКОТ ЗА КОРИСТЕЊЕ НА ОБЈЕКТИТЕ ЗА СПОРТ ВО СОПСТВЕНОСТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА**

**Член 1**

Во Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.1/22), членот 3 се менува гласи:

"(1) Висината на надоместокот за користење на објек за спорт од отворен тип во сопственост на Општина Гази Баба во времетраење од еден час изнесува:

(1.1) Игралиште за мал фудбал - 400 денари,
(1.2) Игралиште за голем фудбал - 1200 денари,
(1.3) Тениско игралиште - 400 денари, и
(1.4) Повеќенаменско игралиште - 200 денари.

(2) Висината на надоместокот за користење на објект за спорт од затворен тип во сопственост на Општина Гази Баба во времетраење од еден час изнесува:

(2.1) Спортска сала со трибина - 1200 денари,
(2.2) Спортска сала без трибина - 1000 денари, и
(2.3) Спортска сала со помали димензии - 800 денари."

По ставот 2 се додава нов став 3 кој гласи:

"(3) Надоместокот наведен во ставовите 1 и 2 од овој член се зголемува за данок на додадена вредност."

**Член 2**

Овој тарифник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/14**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ**
**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"**

1. Се објавува Правилникот за изменување на Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба", што Советот на Општина Гази Баба го донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/12**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 22 став (1) точка 3 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), во согласност со Програмата за локален економски развој на Општина Гази Баба за 2023 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.14/22), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**П Р А В И Л Н И К**

**ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА ЗА ОРГАНИЗАЦИЈА НА МАНИФЕСТАЦИЈАТА ЗА ХРАНА, УГОСТИТЕЛСТВО, ТУРИЗАМ И КУЛТУРА "ВКУСОВИТЕ НА ГАЗИ БАБА"**

**Член 1**

Во Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.8/23), во член 3 став (3) зборовите и бројот "Јавниот повик ќе трае до 15 јуни" се заменуваат со зборовите и бројот **"Јавниот повик ќе трае до 18 август"**.

Во член 7 став (2) точка 1 броевите и зборот "15.06.2023 година", се заменуваат со броевите и зборот **"18.08.2023 година"**.

**Член 2**

Овој правилник влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/15**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14, 4/22 и 9/23), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА ДЕЛ ОД КП 1117/2 КО МАЏАРИ, СОГЛАСНО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04 БЛОК 3, ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА (В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА), ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на дел од КП 1117/2, КО Маџари, согласно ДУП за Градска Четврт СИ 04 Блок 3, за изградба на детска градинка (В2 - здравство и социјална заштита), Општина Гази Баба - Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/13**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 59 став (12) од Законот за градење ("Службен весник на РМ" бр.130/09, 124/10, 18/11, 36/11, 54/11, 13/12, 144/12, 25/13, 79/13, 137/13, 163/13, 27/14, 28/14, 42/14, 115/14, 149/14, 187/14, 44/15, 129/15, 217/15, 226/15, 30/16, 31/16, 39/16, 71/16, 132/16, 35/18, 64/18, 168/18, 244/19 и "Службен весник на РСМ" бр.18/20, 279/20 и 227/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ОСЛОБОДУВАЊЕ ОД ПЛАЌАЊЕ НА НАДОМЕСТОК ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ, ЗА ИЗГРАДБА НА ОБЈЕКТ НА ДЕЛ ОД КП 1117/2 КО МАЏАРИ, СОГЛАСНО ДУП ЗА ГРАДСКА ЧЕТВРТ СИ 04 БЛОК 3, ЗА ИЗГРАДБА НА ДЕТСКА ГРАДИНКА (В2 - ЗДРАВСТВО И СОЦИЈАЛНА ЗАШТИТА), ОПШТИНА ГАЗИ БАБА - СКОПЈЕ**

**Член 1**

Се ослободува инвеститорот Општина Гази Баба - Скопје од плаќање на надоместокот за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на дел од КП 1117/2, КО Маџари, согласно ДУП за Градска Четврт СИ 04 Блок 3, донесен со Одлука бр.09-660/13, од 22.02.2016 година ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/16), за изградба на детска градинка (В2 - здравство и социјална заштита), Општина Гази Баба - Скопје и тоа во висина од 40% од делот наменет за Општина Гази Баба.

**Член 2**

Инвеститорот е должен на своја сметка да ја изгради инфраструктурата за објектите за кои се однесува ослободувањето.

Оваа одлука да послужи во постапката за изготвување на пресметка за утврдување на надомест за уредување на градежно земјиште за објектот кој ќе се гради на градежната парцела наведена во член 1 од оваа одлука.

**Член 3**

Одлуката да се достави до секторот за урбанизам и градежно земјиште.

**Член 4**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 09-5119/16**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

Врз основа на член 50 став (1) точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.5/02), а во врска со член 85 став (1) од Статутот на Општина Гази Баба ("Службен гласник на Општина Гази Баба" бр.2/06, 14/12, 10/13, 14/13 , 12/14 и 4/22), Градоначалникот на Општина Гази Баба донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

**ЗА ОБЈАВУВАЊЕ НА ОДЛУКАТА ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА ОД "ФАКОМ" АД СКОПЈЕ**

1. Се објавува Одлуката за примање на донација од "Факом" АД Скопје, што Советот на Општина Гази Баба ја донесе на седницата одржана на 27 јуни 2023 година.

2. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Гази Баба".

**Број 08-5358/14**
**од 29 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Бобан Стефковски, с.р.**

Врз основа на член 6 и член 7 од Законот за донации и за спонзорства во јавните дејности (''Службен весник на РМ'' бр.47/06, 86/08, 51/11, 28/14 и 153/15), член 6 став (3) од Законот за финансирање на единиците на локалната самоуправа ("Службен весник на РМ" бр.61/04, 96/04, 67/07, 156/09, 47/11, 192/15, 209/18 и "Службен весник на РСМ" бр.244/19, 53/21, 77/21, 150/21 и 173/22), член 36 став (1) точка 15 и член 62 став (1) од Законот за локалната самоуправа (''Службен весник на РМ'' бр.5/02) и член 151 став (2) од Деловникот на Советот на Општина Гази Баба (''Службен гласник на Општина Гази Баба'' бр.4/06 и 12/13), Советот на Општина Гази Баба на дваесет и осмата седница одржана на 27 јуни 2023 година, донесе

**О Д Л У К А**

**ЗА ПРИМАЊЕ НА ДОНАЦИЈА**
**ОД ''ФАКОМ'' АД СКОПЈЕ**

**Член 1**

Со оваа одлука Општина Гази Баба во својство на примател на донација прима донација од "Факом'' АД Скопје, во својство на давател на донација.

**Член 2**

Донацијата се состои од заштитна ограда (еурофенс ограда, една лизгачка врата и една двокрилна врата) во вкупна вредност од 55.000,00 (педесетипетилјади) денари со вклучен ДДВ.

**Член 3**

Донираната ствар од член 2 од оваа одлука ќе биде поставена од страна на давателот на донација во Дневниот центар за лица со интелектуална и телесна попреченост во населба Железара со цел заштита на имотот и зголемување на личната безбедност на посетителите.

**Член 4**

За реализација на оваа одлука, се овластува Градоначалникот на Општина Гази Баба да склучи договор за донација во писмена форма со давателот на донацијата, согласно Законот за облигационите односи.

**Член 5**

Одлуката да се достави до давателот на донацијата и општинската администрација.

**Член 6**

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Гази Баба''.

**Број 09-5119/17**
**од 27 јуни 2023 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТ НА ОПШТИНА ГАЗИ БАБА,**
**Дијана Илиевска, с.р.**

# СОДРЖИНА


**ЗАКЛУЧОК** за усвојување на извештајот на Верификационата комисија . . . 2

**ОДЛУКА** за верификација на мандат на член на Советот на Општина Гази Баба . . . 4

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за именување на претставник од стручниот совет во управниот одбор на ЈУДГ "25 Мај" - Општина Гази Баба - Скопје . . . 6

**ОДЛУКА** за примање на донација од "Доминг" ЈТД Радовиш . . . 8

**ОДЛУКА** за примање на донација од ДГУ "Адроит" ДООЕЛ Куманово . . . 10

**ОДЛУКА** за пренесување на право на сопственост на движна ствар на ЈКП "Гази Баба - 2007" - Скопје . . . 12

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за формирање на координативно тело за следење на имплементација на Локален Акционен План за животна средина (ЛЕАП) на Општина Гази Баба, за период 2020 - 2026 година . . . 14

**ОДЛУКА** за поднесување на барање за обезбедување на финансиска поддршка за изработка на физибилити студија со техничка документација за собирен центар за цврст отпад за општините Гази Баба и Центар и физибилити студија со техничка документација за управување и третман на биолошки отпад (компостирање); . . . 16

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за условите, начинот и постапката за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . 18

**ОДЛУКА** за изменување на Одлуката за категоризација на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . 21

**ТАРИФНИК** за изменување на Тарифникот за висината на надоместокот за користење на објектите за спорт во сопственост на Општина Гази Баба . . . 23

**ПРАВИЛНИК** за изменување на Правилникот за финансиска поддршка за организација на манифестацијата за храна, угостителство, туризам и култура "Вкусовите на Гази Баба" . . . 25

**ОДЛУКА** за ослободување од плаќање на надоместок за уредување на градежно земјиште, за изградба на објект на дел од КП 1117/2, КО Маџари, согласно ДУП за Градска Четврт СИ 04 Блок 3, за изградба на детска градинка (В2 - здравство и социјална заштита), Општина Гази Баба - Скопје . . . 27

**ОДЛУКА** за примање на донација од "Факом" АД Скопје . . . 29



**"Службен гласник на Општина Гази Баба" бр. 11/23**
**28 седница**

Издавач Општина Гази Баба | главен уредник: Васко Апостоловски
ул. Архимедова бр.2 - Скопје | тел: 3 22 28 76, 3 22 56 55 | тираж :10 примероци